Арх. знак: 02-356/3
Дата: 17.04.2020 година

Врз основа на т. 5 од Одлуката за спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19 (Сл. весник на РСМ бр 62/2020), член 6 став 2 и 3 од Деловникот за работа на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, како и член 5 став 1 од Упатството за избор на членовите на Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората, а во процедура согласно одлука број 02-353/3 од 9.04.2020 г. ја донесува следната

# ОДЛУКА

**за нераспишување на избори во Комората и продолжување на мандатот на членовите на Собранието и органите и телата на Комората**

1. Мандатот на членовите во Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, (во натамошниот текст: Собранието), Претседавачот и Заменик претседавачот на Собранието, се продолжува до создавање на услови за избор на членови на Собранието за следниот мандатен период од четири години.
2. Мандатот на раководителите на одделенија и постојните членови на Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, се продолжува до создавање услови за избор на раководители на одделенија и членови на Управниот одбор, за следниот мандатен период од четири години.
3. Собранието, во постојниот состав, ќе се свика, во рок не подолг од 30 дена, од денот на престанување на мерките донесени од Владата, поврзани со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, заради распишување на избори за членови на Собранието, раководители на одделенија и Управен одбор.
4. Рокот утврден со точка 3 од оваа одлука не тече во месеците јули и август.
5. Одлуката да се достави до Собранието, Управниот одбор, Стручната служба на Комората и архивата.

Претседавач на Собранието

м-р Ива Џагора, с.р.

подготвиле: ДА/ЈД

одобрил: МД